**Народна банка на Република Македонија**
Дирекција за истражувања

# Месечна информација
# 5 / 2007

Јули, 2007 година

# С О Д Р Ж И Н А

**Позначајни економски настани и промени во законската регулатива во Република Македонија во мај 2007 година** **4**

**I. Движења во реалниот сектор** **6**

**II. Монетарни движења** **8**

**III. Надворешнотрговски и девизни движења** **10**

**Прилог табели** **12**

***Позначајни економски настани и промени во законската регулатива во мај 2007 година***

- *Во периодот 3-4 мај во Струмица се одржа македонско-косовско билатерална средба на стопански делегации од земјоделско-прехранбениот сектор и конзервната индустрија, во организација на Агроберзата на Македонија и стопанските комори на Косово и на Македонија. На оваа средба беа потпишани конкретни договори за откуп и извоз на зеленчук и овошје на косовскиот пазар.*

- *На 4 мај Министрите за труд и социјална политика на Македонија и на Бугарија потпишаа Договор за соработка, при што приоритетни подрачја на соработка се регулативата и државната политика за националниот пазар на труд и мерките за социјална заштита на невработените лица. Договорот ќе важи четири години и треба да придонесе за подобрување на соработка та во доменот на пазарот на работна сила.*

- *Од 7 мај, дозволениот распон на дневните ценовни флуктуации се определува преку т.н. "базна цена" (наместо официјалната дневна просечна цена на хартиите од вредност од претходниот ден на тргување на Македонската берза). „Базната цена" за една хартија од вредност ќе зависи од тоа дали во претходниот ден е истргувана т.н. "минимална прифатлива количина на хартии од вредност", која ќе зависи од просечната дневна истргувана количина на хартии од вредност во претходните дваесет трговски денови. На 14 мај, како инпут при пресметката на базната цена наместо дваесет денови на тргување се земаат пет денови на тргување.*

- *На 8 мај во Брисел беше презентирана првата претпристапна економска програма на Република Македонија пред Советот на министри на ЕУ во рамки на Министерскиот дијалог на министрите за економија и финансии на ЕУ и земјите кандидати.*

- *На 14 мај, според одлуката на Регулаторната комисија за енергетика, рафинериските и малопродажните цени на нафтените деривати се намалија во просек за 2,96% и 2,43%, соодветно („Службен весник на РМ“ бр. 59/2007), а според одлуката од 28 мај истите беа зголемени во просек за 6,76% и 4,41%, соодветно („Службен весник на РМ“ бр. 64/2007).*

- *На 14 мај во Центарот за вработување во Охрид беше промовиран новиот веб портал на Агенцијата за вработување на Македонија како заеднички проект на Агенцијата за вработување и Американската агенција за развој УСАИД. Новиот веб портал треба да овозможи полесен пристап до информациите на пазарот на работна сила и да овозможи поефикасна размена на трудот.*

- *На 16 мај и 17 мај во Скопје се одржа конференција за развој на регионалната конкурентност во информатичко и комуникациско-технолошкиот сектор, во организација на УСАИД. Нејзина цел е да воспостави услови за склучување договори за развој на софтвер за малите компании со мултинационалните корпорации.*

- *На 22 мај во организација на Народна банка на Република Македонија, во соработка со Државниот завод за статистика, се одржа работилница на тема „Проблеми во мерењето на инфлацијата“, со цел осврт на проблемите во мерењето на инфлацијата и нивните импликации врз концепирањето и спроведувањето на макроекономската политика.*

- *На 23 мај се изврши предвремена целосна отплата на долгот на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд во износ од 44,2 милиони американски долари (32,8 милиони евра).*

- *На 27 мај во Скопје беше отворена новата фабрика за текстил на „Зорлу Текс“, членка на турската групација „Тач“, при што во фабриката се вработени 220 лица.*

- *На 29 мај на Македонија ѝ е одобрен заем од Светската банка во износ од 20 милиони долари (15 милиони евра), за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа.*

- *На 29 мај во Скопје беше извршена презентација на првата он-лајн купопродажба од домашна Интернет-страница, во организација на „Нет консалтинг енд солушн“ и „Дајнерс клуб“, со што веќе постои можноста за купување преку Интернет од македонски компании.*

- *На 29 мај Агенцијата за кредитен рејтинг „Standard & Poors“ го потврди доделениот кредитен рејтинг на Република Македонија, „ББ+“ со стабилен изглед за странска валута и „БББ-“ со стабилен изглед за домашна валута, поткрепен од подобрувањето на политичката стабилност, континуитетот во спроведување на реформите, економскиот раст, пруденттната фискална политика и намалувањето на јавниот долг.*

- *Нови законски прописи:*

*- Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари ("Службен весник на РМ" бр. 54/2007");*

*- Закон за финансиска полиција ("Службен весник на РМ" бр. 55/2007);*

*- Закон за изменување и дополнување на Законот за државна помош ("Службен весник на РМ" бр. 55/2007);*

*- Закон за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр. 63/2007);*

*- Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити ("Службен весник на РМ" бр. 63/2007);*

*- Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр. 63/2007);*

*- Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите ("Службен весник на РМ" бр. 63/2007);*

*- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за квалитетот на течните горива ("Службен весник на РМ" бр. 64/2007), според кој стандардите на квалитет за дизел горивата што се употребуваат во Македонија се зголемени, а горивата со новите стандарди треба да почнат да се користат до крајот на 2007 година.*

# I. Движења во реалниот сектор

Нивото на потрошувачките цени, мерени преку индексот на трошоците на животот, во мај 2007 година изнесува 0,7% на месечна основа, што целосно се должи на порастот на цените на стоките за лична потрошувачка. Месечната инфлација речиси целосно е детерминирана од порастот на цените во категоријата „исхрана“ (за 1,8% или придонес од 92% за вкупната инфлација), како резултат на повисоките цени на свежиот зеленчук и на овошјето. Маргинални влијанија врз вкупното ниво на потрошувачките цени имаа и повисоките цени во категоријата „култура и разонода“ (пораст од 0,3%) како и минималниот пораст на цените во категоријата „сообраќајни средства и услуги“ (од 0,1%), при што цените на горивата се повисоки за 0,6% и покрај двократното намалување согласно одлуките на Регулаторната комисија за енергетика - РКЕ од 30 април и 14 мај 2007 година.

Движењето на цените во мај услови минимално зголемување на годишната стапка на инфлација (0,9%), додека просечната стапка и натаму е стабилна, задржувајќи се на нивото од 0,8% во периодот јануари-мај 2007 година. Во услови на зголемување на цените на стоките и пад на цените на услугите, просечната инфлација и натаму е под влијание на истите фактори како и во првите четири месеци од годината (повисоки цени за греење и електрична енергија кои се вклучени во категоријата „домување“, пораст на цените на „исхраната“, како и на цените на категориите „култура и разонода“ и „ресторани и хотели“, додека цените во категоријата „сообраќајни средства и услуги“ имаат негативен придонес).

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

*Цените на производителите на индустриски производи*[2] во мај 2007 година забележаа минимално намалување во однос на претходниот месец за 0,1%. Месечниот пад главно е детерминиран од пониските цени на производителите на нафтени деривати, кои придонесуваат со 0,3 п.п. во вкупниот пад на производствените цени (во согласност со намалувањето на рафинериските цени со одлуките на РКЕ од 30 април и 14 мај 2007 година). Воедно, намалување на цените е регистрирано и кај уште 4 гранки од преработувачкиот сектор (од кои поизразен дополнителен придонес за падот имаат намалените цени на прехранбените производи и пијалаци и цените на градежните материјали), а кај останатите гранки цените беа стабилни. Ваквите движења детерминираа пониско ниво на цени во преработувачкиот сектор (за 0,4% и нивен придонес за падот од 0,4 п.п.), додека цените на производителите од енергетскиот сектор бележат зголемување во однос на претходниот месец (придонес во насока на пораст на производствените цени од 0,3 п.п.). Производствените цени во рударскиот сектор останаа непроменети.

Падот на цените на производителите на индустриски производи на месечна основа услови нивно намалување на годишна основа за 1,0% и забавување на просечната стапка на раст, која во периодот јануари-мај 2007 година изнесува 0,6%. Најголем придонес за кумулативниот пораст на производствените цените имаат повисоките цени на енергијата (придонес

[2] Претходни податоци на ДЗС.

од 1,3 п.п., поради повисоката цена на електричната и топлинската енергија). Цените во преработувачкиот сектор делуваа во насока на делумно неутрализирање на вкупниот пораст на производствените цени, под влијание на ефектот од пониските цени на производителите на нафтени деривати. Сепак, цените на производителите на прехранбени производи и пијалаци, градежните материјали и основните метали и натаму бележат пораст.

Во услови на намалено производство во трите индустриски сектори, *физичкиот обем на индустриското производство* во мај 2007 година забележа месечен пад од 4%. Најизразен придонес за месечниот пад има енергетскиот сектор, главно поради намаленото производство на електрична енергија поради редовен ремонт на една термоелектрана, но и поради намалената потрошувачка на електрична енергија по завршувањето на грејната сезона. Така, негативната динамика во овој сектор започната од почетокот на годината продолжи со засилен интензитет (кумулативниот пад во мај изнесува 11,4%, наспроти април кога изнесуваше 8,6%). Кај преработувачкиот сектор, месечното намалување во најголем дел беше условено од интензивниот пад на производството на нафтени деривати[3], со што кумулативниот раст за првите пет месеци од годината кај оваа преработувачка гранка беше значително забавен (14,4% во мај, наспроти 41,1% во април). Од позначајните преработувачки гранки, месечен пад забележа и производството на основни метали, но сепак кумулативниот раст и понатаму се задржа на високо ниво (53,4% за првите пет месеци од годината) придонесувајќи во најголем дел за кумулативниот раст на вкупното индустриско производство. И покрај послабите остварувања во рударскиот сектор во мај во однос на претходниот месец (заради намалената екстракција на енергетски руди и камени руди), засилената екстракција на руди на метал од почетокот на годината услови задржување на позитивните тенденции во овој сектор, при што кумулативниот раст зајакна (во мај достигна 15,1%, наспроти 12,8% во април). Имајќи ги предвид наведените движења, во мај е регистрирано намалување на производството во индустријата за 5,8% на годишна основа, додека кумулативната стапка на раст од 9,9% во април се сведе на 6,3% во мај.

Графикон 2
Индустриско производство
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

[3] Поради генерален ремонт на производствените капацитети во мај 2007 година.

## II. Монетарни движења

Во мај 2007 година, *примарните пари*[4] изнесуваа 23.864 милиони денари и во однос на претходниот месец се намалија за 3,3%. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните *ликвидни средства на банките*[5] (7%) и намалената побарувачка на *готови пари* (за 1,1%).

Од аспект на ликвидноста, *девизните трансакции на НБРМ* (реализиран нето-откуп на девизи на девизниот пазар) и *готовите пари во оптек* делуваа во насока на креирање ликвидност, која во целост беше повлечена преку *денарските депозити на државата кај НБРМ* и *монетарните инструменти.* Во мај 2007 година, банките издвоија 8,8% над обврската за задолжителна резерва (во денари)[6], што во однос на претходниот пресметковен период претставува зголемување од 1,5 процентни поени.

Табела 1
Текови на креирање и повлекување ликвидност*
(во милиони денари)

| | 30.04.2007 | 31.05.2007 | 31.05.2007/30.04.2007 |
|---|---|---|---|
| | состојби во милиони денари | | промени во милиони денари |
| **Ликвидни средства на банките (сметка на банките кај НБРМ)** | 7.582 | 6.861 | **-721** |
| ***Креирање ликвидност*** | | | **3.114** |
| 1. Нето девизна актива | 87.857 | 90.799 | 2.942 |
| 2. Готови пари во оптек | 15.531 | 15.359 | 172 |
| ***Повлекување ликвидност*** | | | **-3.835** |
| 1. Нето домашна актива | -63.177 | -66.935 | -3.758 |
| *од тоа:* | | | |
| Денарски депозити на државата кај НБРМ [/1] | -13.713 | -14.637 | -924 |
| Благајнички записи на НБРМ | -11.755 | -13.784 | -2.029 |
| Државни записи за монетарни цели | -6.284 | -7.166 | -882 |
| Останати ставки, нето | -21.211 | -21.056 | 155 |
| 2. Готовина во благајна на банките | 1.567 | 1.644 | -77 |

[/1] Исклучени се државните записи за монетарни цели.
* Позитивна промена-креирање ликвидност; негативна промена-повлекување ликвидност.

Извор: Народна банка на Република Македонија.

На аукциите на благајнички записи на НБРМ одржани во мај 2007 година е реализирана просечна пондерирана каматна стапка од 5,04% (5,09% во април 2007 година), додека просечната пондерирана каматна стапка на државните записи со рочност од три месеци во мај изнесува 6,16% (6,39% во претходниот месец).

Графикон 3
Просечни каматни стапки на благајнички записи на НБРМ и на државни записи
(во %)




Извор: НБРМ и Министерство за финансии.

Порастот на трансакциските депозити, и покрај намалената побарувачка на готови пари, резултираше со месечен пораст на монетарниот агрегат М1 од 0,7%. Пошироките монетарни агрегати М2 и М4, на месечна основа остварија пораст од 2,1% и 2,6%, соодветно, додека во однос на истиот месец од претходната година, пошироките монетарни агрегати М2 и М4 се повисоки за 27,7% и 28,8% соодветно.

---

4 Анализата се однесува на примарните пари без задолжителната резерва на девизните депозити.

5 Ја содржи готовината во благајна и средствата на сметката на банките кај НБРМ.

6 Како период на одржување (исполнување) на обврската за задолжителна резерва на банките се смета периодот од 11. ден во тековниот месец до 10. ден во следниот месец. Вишокот се однесува на издвоени средства на сметката на банките кај НБРМ над обврската за задолжителна резерва.

Табела 2
Монетарни агрегати и нивните компоненти
(во милиони денари)

| | 31.05.2007 година | месечна промена | годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | во % | во % |
| Готови пари во оптек | 15.359 | -1,1 | 10,5 |
| Депозитни пари | 20.595 | 2,1 | 31,3 |
| ***Монетарен агрегат М1*** | 35.954 | 0,7 | 21,5 |
| Краткорочни денарски депозити | 45.648 | 4,8 | 47,9 |
| ***Монетарен агрегат М2-денарски дел*** | 81.602 | 3,0 | 35,0 |
| Краткорочни девизни депозити | 61.283 | 1,0 | 19,0 |
| ***Монетарен агрегат М2*** | 142.885 | 2,1 | 27,7 |
| Немонетарни депозити | 8.357 | 10,8 | 52,6 |
| -денарски | 4.684 | 4,4 | 43,1 |
| -девизни | 3.673 | 20,1 | 66,7 |
| ***Монетарен агрегат М4*** | 151.242 | 2,6 | 28,8 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Континуираното зголемување на примарниот извор на финансирање на банките продолжи и во мај 2007 година со месечна стапка на раст на вкупните депозити на банките од 3,2%. Преференците за штедење во домашна валута, во услови на релативно повисок принос и стабилни очекувања за девизниот курс и инфлацијата, се потврдуваат со натамошната доминантна улога на денарското штедење во фомирањето на дополнителниот депозитен потенцијал (65,4% од порастот на вкупните депозити во мај е детерминиран од зголемувањето на денарските депозити). Од аспект на рочноста, главна компонента на месечниот пораст на вкупните депозити се депозитите орочени на краток рок, со придонес во порастот од 77%. Секторската анализа покажува пораст на депозитите и на населението и на претпријатијата, при што поголем придонес во порастот на вкупните депозити имаат депозитите на населението (64,4%). На годишна основа, стапката на пораст на вкупниот депозитен потенцијал на банките изнесува 31,3%.

Графикон 4
Динамика на депозитите
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Состојбата на вкупните кредити на банките одобрени на приватниот сектор, во мај 2007 година е повисока на месечна основа за 2,6%, со доминантен придонес за растот на денарските кредити (73,2%), додека од аспект на рочноста, кредитите одобрени на долг рок имаат поголемо учество во порастот на вкупните кредити на банките. Од секторски аспект, позначаен е порастот на кредитите одобрени на населението (со придонес од 60,7% во месечниот пораст на вкупните кредити), во споредба со придонесот што го имаат корпоративните кредити. Меѓугодишната стапка на пораст на вкупните кредити на банките изнесува 32,3%.

Графикон 5
Пласмани на банките по сектори
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во доменот на *каматната политика на банките,* во мај 2007 година просечната пондерирана пасивна каматна стапка на денарските депозити за сите рокови и сектори во мај 2007 година се задржа на исто ниво како и претходниот месец и изнесува 4,7%, додека просечната пондерирана активна каматна стапка на денарските кредити за сите рокови и сектори на месечна основа е пониска за 0,2 процентни поена и изнесува 10,3%.

Графикон 6
Пондерирани каматни стапки и маргини на банките*
(во %, на годишно ниво)




Извор: Народна банка на Република Македонија.
*Се однесуваат на денарски кредити и депозити за сите рочности и сектори, при што се вклучени и денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

Просечните пондерирани активни и пасивни каматни стапки на девизните кредити и депозити за сите рокови, сектори и валути во мај 2007 година изнесуваа 8,4% и 1,9%, соодветно и во однос на претходниот месец не забележаа промени.

## III. Надворешнотрговски и девизни движења

Вкупната надворешнотрговска размена[6] во мај 2007 година изнесува 489,8 милиони евра и на месечна основа забележа пад од 1,1%, при месечен пад на увозот на стоки. Имено, *извозот на стоки* во мај 2007 година во однос на април 2007 година се зголеми за 5,3% и изнесува 211,8 милиони евра, што пред сѐ се должи на зголемениот извоз на железо и челик и нивни производи, облека и текстил и на храна. Годишниот пораст на извозот изнесува 32,7% и е резултат пред сѐ на зголемениот извоз на железо и челик и нивни производи, облека и текстил, храна и руди. Во мај 2007 година *увозот на стоки* изнесува 278 милиони евра и во однос на претходниот месец се намали за 5,5%. Анализата по производи укажува на намалениот увоз на минерални горива, железо и челик и на руди, како главни фактори на месечниот пад на увозот на стоки. На годишна основа, увозот забележа пораст од 8,6%, при зголемен увоз на железо и челик, електрични машини, возила и опрема.

Графикон 7
Надворешнотрговска размена на Република Македонија
(во милиони евра)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Ваквата динамика на двете компоненти на надворешнотрговската размена придонесе за намалување на трговскиот дефицит за 28,8% на месечна основа, при што во мај 2007 година тој изнесуваше 66,1 милион евра. Истовремено, на месечна основа стапката на покриеност на увозот со извоз се зголеми за 7,8 процентни поени и изнесува 76,2%.

[6] Претходни податоци на НБРМ. Извозот на стоки е прикажан на f.o.b. основа, додека увозот на стоки е прикажан на c.i.f. основа.

Кумулативно, во првите пет месеци од 2007 година, вкупно остварената надворешнотрговска размена изнесува 2.311,6 милиони евра, што претставува годишен пораст од 28,3%, како резултат на зголемувањето на двете категории на размената. Така, извозот на стоки во периодот јануари-мај 2007 година забележа кумулативен пораст од 39,6% и изнесува 948,1 милион евра. Анализирано по одделни производи, оствареното зголемување се должи на повисокиот извоз на железо и челик и нивни производи, руди, облека и текстил, храна, пијалаци и обувки. Во првите пет месеци, вкупниот увоз на стоки оствари пораст 21,5% и изнесува 1.363,5 милиони евра, што во најголем дел е резултат на зголемениот увоз на железо и челик и нивни производи, руди, опрема, возила и електрични машини. Притоа, негативното трговско салдо се намали за 6,3% во споредба со истиот период од 2006 и изнесува 415,4 милиони евра. Стапката на покриеност на увозот со извоз се зголеми за 9 процентни поени и изнесува 69,5%.

Реализираниот вкупен промет на *девизниот пазар* во мај 2007 година на месечна основа оствари пораст од 4,6% и изнесува 523,8 милиони евра. Во услови на поинтензивен пораст на побарувачката од понудата на девизи (за 22,7% и 1,4%, соодветно), нето-продажбата на девизи од страна на банките изнесува 29,5 милиони евра. На девизниот пазар НБРМ реализираше месечен нето-откуп на девизни средства од 43,6 милиони евра, при што на кумулативна основа во првите пет месеци на 2007 година нето-откупот на девизи на девизниот пазар од страна на НБРМ достигна 177,1 милион евра. Реализираниот нето-откуп на девизниот пазар од страна на НБРМ во целост ги неутрализираше одливите настанати врз основа на предвремената отплата на долгот кон ММФ и придонесе за понатамошен пораст на бруто девизните резерви. Така, *бруто девизните резерви* на 31.05.2007 година достигнаа 1.466 милиони евра и на месечна основа се зголемија за 10,3 милиони евра, додека во однос на 31.12.2006 година тие се повисоки за 49,3 милиони евра.

Во мај 2007 година на *менувачкиот пазар* е остварен вкупен промет на девизи во износ од 122,9 милиони евра, што на месечна основа претставува зголемување од 4,8%. Притоа, во услови на поинтензивен месечен пораст на побарувачката во однос на понудата на девизи , во мај 2007 година е остварен понизок нето-откуп на девизи (за 2 милиона евра и во мај изнесуваше 58,9 милиони евра). На кумулативна основа, во првите пет месеци од 2007 година нето-откупот на менувачкиот пазар се зголеми за 23,2% во однос на истиот период од 2006 година и изнесува 268,6 милиони евра.

Графикон 8
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Девизниот курс на денарот* во однос на еврото на *девизниот пазар* е стабилен и на 31.05.2007 година изнесува 61,19 денари за едно евро (на крајот на април се разменуваа 61,16 денари за едно евро). Девизниот курс на денарот во однос на американскиот долар на крајот на мај 2007 година изнесува 45,6 денари за еден американски долар и во однос на крајот на претходниот месец депресира за 1,7% (на крајот на април се разменуваа 44,83 денари за еден американски долар).

Графикон 9
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Надворешниот долг*[7] *на Република Македонија врз основа на долгорочни кредити и заеми* на 31.05.2007 година во однос на претходниот месец се намали за 0,4 милиони евра и изнесува 1.708,6 милиони евра. Во мај 2007 година вкупно платените обврски изнесуваат 45,9 милиони евра (од кои 41,2 милиони евра се главница, а 4,8 милиони евра камата), а во тие рамки извршена е целосна отплата на долгот кон ММФ. Истовремено, користени се средства во износ од 28,4 милиони евра (за 8,3 милиони евра повеќе во однос на претходниот месец), од кои поголемиот дел (84,8%) отпаѓа на приватниот сектор. Вкупниот долгорочен долг на приватниот сектор во однос на претходниот месец се зголеми за 27,5 милиони евра и изнесува 614,7 милиони евра, со доминантно учество на долгот на небанкарскиот приватен сектор (77,5%). *Краткорочниот надворешен долг,* на крајот на мај 2007 година изнесува 116,3 милиони евра и во однос на април се зголеми за 21,6 милиони евра. Притоа, врз основа на одобрени краткорочни кредити користени се средства во износ од 21,5 милиони евра, а платените обврски изнесуваат 0,4 милиони евра.

Во мај 2007 година се склучени кредити во износ од 65,7 милиони евра, во целост од страна на приватниот сектор, од кои 61,4% се склучени на краток рок.

[7] Претходни податоци на НБРМ.

# Прилог табели

## Движења во реалниот сектор во Република Македонија

**Табела 1**
Трошоци на живот и цени на мало

| | V.2007 / IV.2007 | V.2007 / V.2006 | I-V.2007 / I-V.2006 |
|---|---|---|---|
| | | во % | |
| **Трошоци на животот** | **0,7** | **0,9** | **0,8** |
| Исхрана | 1,8 | 0,7 | 0,6 |
| Тутун и пијалаци | 0,0 | 2,2 | 0,9 |
| Облека и обувки | 0,2 | 0,9 | 1,5 |
| Домување | 0,0 | 5,8 | 5,4 |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 0,1 | 6,4 | 3,7 |
| Огрев и осветление | 0,0 | 7,7 | 8,4 |
| Хигиена и здравје | -0,1 | 0,1 | 0,1 |
| Култура и разонода | 0,3 | 3,4 | 3,5 |
| Сообраќајни средства и услуги | 0,1 | -5,1 | -4,8 |
| Ресторани и хотели | 0,2 | 3,5 | 3,4 |
| Останати услуги неспомнати на друго место | 0,0 | 11,7 | 3,0 |
| *Стоки* | *0,9* | *1,4* | *1,3* |
| *Услуги* | *0,0* | *-0,8* | *-0,9* |
| **Цени на мало** | **0,4** | **1,9** | **1,8** |
| Земјоделски производи | 7,9 | -1,4 | -2,4 |
| Непрехранбени индустриски производи | 0,1 | 2,7 | 2,5 |
| Индустриско - прехранбени производи | 0,1 | 0,7 | 0,8 |
| Пијалаци (алкохолни и безалкохолни) | 0,0 | 0,6 | 0,5 |
| *Стоки* | *0,6* | *1,9* | *1,7* |
| *Услуги* | *0,0* | *2,0* | *2,0* |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Табела 2**
Цени на производители на индустриски производи*

| | V.2007 / IV.2007 | V.2007 / V.2006 | I-V.2007 / I-V.2006 |
|---|---|---|---|
| | | во % | |
| **Цени на производители на индустриски производи** | **-0,1** | **-1,0** | **0,6** |
| Енергија | 0,4 | -5,9 | -2,6 |
| Интермедијарни производи, освен енергија | 0,2 | 5,5 | 5,5 |
| Капитални производи | 0,0 | 0,9 | 2,0 |
| Трајни производи за широка потрошувачка | 0,0 | -0,2 | 0,6 |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | -0,5 | -2,5 | -1,0 |
| *Вадење руди и камен* | *0,0* | *-0,3* | *1,2* |
| *Преработувачка индустрија* | *-0,4* | *-3,0* | *-0,8* |
| Производство на прехранбени производи и пијалаци | -0,4 | -0,3 | 1,4 |
| Производство на тутунски производи | 0,0 | -0,5 | 0,1 |
| Производство на текстилни ткаенини | 0,0 | -0,5 | -0,5 |
| Производство на предмети за облека; доработка и боење на крзно | -0,2 | -2,4 | -2,1 |
| Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 0,0 | -0,4 | -0,7 |
| Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво | -1,9 | -20,6 | -14,2 |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 0,0 | -0,1 | -0,3 |
| Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 0,0 | 0,4 | 1,2 |
| Производство на производи од други неметални минерали | -0,3 | 2,5 | 2,8 |
| Производство на основни метали | 1,1 | 13,4 | 13,2 |
| Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 0,0 | 2,1 | 3,8 |
| Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 0,0 | 3,3 | 6,3 |
| *Снабдување со електрична енергија, гас и вода* | *2,7* | *16,3* | *12,7* |

*Претходни податоци.
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Табела 3**
Индустриско производство*

| | структура во % | V.2007 / IV.2007 | V.2007 / V.2006 | I-V.2007 / I-V.2006 |
|---|---|---|---|---|
| | | во % | | |
| **Вкупно** | **100,0** | **-4,0** | **-5,8** | **6,3** |
| Енергија | ***18,3*** | **-43,4** | **-37,2** | **-4,9** |
| Интермедијарни производи, освен енергија | ***34,1*** | **-1,0** | **3,6** | **18,2** |
| Капитални производи | ***5,1*** | **3,8** | **16,2** | **19,7** |
| Трајни производи за широка потрошувачка | ***2,2*** | **-5,5** | **15,1** | **16,9** |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | ***40,3*** | **11,8** | **-5,5** | **-0,1** |
| ***Вадење руди и камен*** | ***3,9*** | ***-2,1*** | ***25,0*** | ***15,1*** |
| Вадење на камен јаглен и лигнит, вадење на тресет | ***1,6*** | -15,6 | 24,6 | 0,2 |
| Вадење на руди на метал | ***0,7*** | 25,9 | 2,7 пати | 2,4 пати |
| Вадење на други руди и камен | ***1,5*** | -9,4 | -16,2 | -8,5 |
| ***Преработувачка индустрија*** | ***83,9*** | ***-1,4*** | ***-4,6*** | ***9,0*** |
| Производство на прехранбени производи и пијалаци | 16,1 | 2,3 | -1,9 | 6,6 |
| Производство на тутунски производи | 5,7 | 65,2 | -8,9 | -6,0 |
| Производство на текстилни ткаенини | 1,7 | 8,1 | -24,5 | -10,6 |
| Производство на предмети за облека; доработка и боење на крзно | 11,1 | 13,1 | -13,5 | -10,5 |
| Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 1,5 | -9,5 | 3,1 | -2,5 |
| Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 1,2 | 10,3 | -1,0 | 36,3 |
| Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 1,1 | 2,7 | -1,4 | 3,5 |
| Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 3,1 | 9,9 | -6,0 | 4,2 |
| Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво | 4,5 | -86,1 | -81,7 | 14,4 |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 4,6 | 1,8 | 9,2 | 10,0 |
| Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 1,9 | 21,1 | -12,6 | 5,6 |
| Производство на производи од други неметални минерали | 7,3 | -2,0 | 1,7 | 24,6 |
| Производство на основни метали | 11,2 | -6,3 | 33,0 | 53,4 |
| Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 3,3 | 2,8 | 22,4 | 9,6 |
| Производстви на машини и уреди, неспомнати на друго место | 1,4 | 0,7 | 31,3 | 54 |
| Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 3,5 | 3,6 | -67,6 | -50,8 |
| Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 1,1 | -30,7 | -38,0 | -23,7 |
| Производство на други сообраќајни средства | 1,1 | 31,8 | 21,6 | 25,0 |
| Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 2,0 | -3,5 | -0,1 | -1,8 |
| Рециклажа | 0,6 | 4,7 | -22,2 | -7,1 |
| ***Снабдување со електрична енергија, гас и вода*** | ***12,2*** | ***-24,9*** | ***-25,6*** | ***-11,4*** |

* Претходни податоци.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

# Монетарни движења во Република Македонија

**Табела 4**
Преглед на Народна банка на Република Македонија
(тековен курс, во милиони денари)

| | XII.06 1) | I.07 | II.07 | III.07 | IV.07 | V.07 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Нето девизна актива** | 85116 | 83884 | 83221 | 85066 | 87857 | 90799 |
| Актива | 87761 | 86503 | 85676 | 87526 | 90111 | 90799 |
| Пасива | 2645 | 2619 | 2455 | 2460 | 2254 | 0 |
| **II. Нето домашна актива** | -53852 | -55452 | -54084 | -55711 | -56502 | -60195 |
| **Кредити на банки, нето** | -9422 | -11596 | -11137 | -11274 | -11726 | -13755 |
| ***Кредити на банки*** | 34 | 34 | 29 | 29 | 29 | 29 |
| Аукција на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Аранжмани за реоткуп | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кредити врз основа на хартии од вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Долгорочни кредити | 24 | 24 | 19 | 19 | 19 | 19 |
| Аванси | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останато | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| **Инструменти** | -9456 | -11630 | -11166 | -11303 | -11755 | -13784 |
| Аукција на благајнички записи | -9456 | -11630 | -11166 | -11303 | -11755 | -13784 |
| ***Нето, Држава*** | -30690 | -29827 | -28241 | -29969 | -30240 | -32124 |
| 1.Кредити на државата | 2267 | 2267 | 2267 | 2267 | 1039 | 1039 |
| Користење на кредит од Фондот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Обичен кредит | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Откупени државни хартии од вредност | 1039 | 1039 | 1039 | 1039 | 1039 | 1039 |
| Останато | 1228 | 1228 | 1228 | 1228 | 0 | 0 |
| 2. Депозити на државата | -32957 | -32094 | -30508 | -32236 | -31279 | -33163 |
| **А) Во денари** | -15326 | -17161 | -17647 | -20106 | -19997 | -21803 |
| Депозитни пари | -15326 | -17161 | -17647 | -20106 | -19997 | -21803 |
| - Трезорска сметка | -10303 | -12307 | -12416 | -14093 | -13228 | -14135 |
| - Други буџетски фондови | -5023 | -4854 | -5231 | -6013 | -6769 | -7668 |
| од тоа: Државни хартии од вредност за монетарни цели | -4573 | -4391 | -4756 | -5537 | -6284 | -7166 |
| Фонд за поддршка на монетарната политика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Б) Во странска валута** | -17631 | -14933 | -12861 | -12130 | -11282 | -11360 |
| Депозити на Централна влада | -17515 | -14820 | -12745 | -12015 | -11168 | -11247 |
| од кои: Телеком | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| од кои: Фонд за патишта | -81 | -81 | -81 | -81 | -81 | -81 |
| Други депозити на државата | -116 | -113 | -116 | -115 | -114 | -113 |
| 3.Екстерна сметка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Останати ставки, нето** | -13740 | -14029 | -14706 | -14468 | -14536 | -14316 |
| **Останат актива** | 5727 | 5746 | 5760 | 5691 | 5612 | 5689 |
| **Останата пасива** | -5732 | -5503 | -5512 | -5554 | -5593 | -5605 |
| од кои: Преодна сметка | -171 | -25 | -66 | -58 | -46 | -25 |
| **Капитална сметка** | -11819 | -12335 | -12463 | -12257 | -12137 | -12046 |
| **Резидуални ставки** | -1916 | -1937 | -2491 | -2348 | -2418 | -2354 |
| **Примарни пари** | 31264 | 28432 | 29137 | 29355 | 31355 | 30604 |
| Готови пари во оптек | 16206 | 14527 | 14986 | 15034 | 15531 | 15359 |
| Готовина во благајна | 1526 | 1397 | 1520 | 1468 | 1567 | 1644 |
| Сметки на банки | 13532 | 12508 | 12631 | 12853 | 14257 | 13601 |
| од кои:Задолжителна резерва на девизни депозити | 6373 | 6462 | 6509 | 6595 | 6675 | 6740 |

1) Дефинитивни податоци
Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 5**
Монетарен преглед
(тековен курс, во милиони денари)

| | XII.06 [1)] | I.07 | II.07 | III.07 | IV.07 | V.07 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Нето девизна актива** | 108042 | 106455 | 107140 | 108475 | 110951 | 113778 |
| *Народна банка* | 85116 | 83884 | 83221 | 85066 | 87857 | 90799 |
| Актива | 87761 | 86503 | 85676 | 87526 | 90111 | 90799 |
| Пасива | 2645 | 2619 | 2455 | 2460 | 2254 | 0 |
| *Депозитни банки* | 22926 | 22571 | 23919 | 23409 | 23094 | 22979 |
| Актива | 39707 | 38257 | 38837 | 39614 | 39419 | 39424 |
| Пасива | 16781 | 15686 | 14918 | 16205 | 16325 | 16445 |
| **II. Нето домашна актива** | 28288 | 29824 | 33173 | 34538 | 37587 | 38540 |
| ***1.Домашни кредити*** | 77176 | 79487 | 83921 | 85601 | 88305 | 89928 |
| од кои: побарувања од државата | -17184 | -16633 | -14556 | -15513 | -14956 | -15969 |
| а) Депозитни банки | 107866 | 109314 | 112162 | 115570 | 118545 | 122052 |
| -во денари | 84368 | 85822 | 87861 | 90626 | 93354 | 96169 |
| Држава | 13377 | 13067 | 13562 | 14337 | 15165 | 16041 |
| Кредити | 13355 | 13045 | 13539 | 14314 | 15142 | 16018 |
| а) Буџет и министерства | 13095 | 12762 | 13241 | 14052 | 14994 | 15893 |
| б) Фондови | 260 | 283 | 298 | 262 | 148 | 125 |
| в) Инстит. на централната државна власт: судови, итн. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Пресметана ненаплатена камата | 22 | 22 | 23 | 23 | 23 | 23 |
| Недржавен сектор | 70991 | 72755 | 74299 | 76289 | 78189 | 80128 |
| Кредити | 66410 | 68057 | 69569 | 71537 | 73380 | 75288 |
| од кои: Достасани ненаплатени побарувања | 9810 | 9737 | 9721 | 9560 | 9848 | 10180 |
| Пресметана ненаплатена камата | 4581 | 4698 | 4730 | 4752 | 4809 | 4840 |
| -во странска валута | 23498 | 23492 | 24301 | 24944 | 25191 | 25883 |
| Држава | 129 | 127 | 123 | 119 | 119 | 114 |
| од кои: Достасани ненаплатени побарувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Недржавен сектор | 23369 | 23365 | 24178 | 24825 | 25072 | 25769 |
| од кои: Достасани ненаплатени побарувања | 1650 | 1625 | 1473 | 1511 | 1566 | 1630 |
| б) Побарувања на Народна банка од државата | -30690 | -29827 | -28241 | -29969 | -30240 | -32124 |
| ***2. Останати ставки, нето*** | -48888 | -49663 | -50748 | -51063 | -50718 | -51388 |
| од кои: побарувања од државата за замрзнати девизни штедни влогови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Пресметана ненаплатена камата | -4603 | -4720 | -4753 | -4775 | -4832 | -4863 |
| Останато | -44285 | -44943 | -45995 | -46288 | -45886 | -46525 |

1) Дефинитивни податоци
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Монетарен преглед (продолжува)
(тековен курс, во милиони денари)

| | XII.06 [1)] | I.07 | II.07 | III.07 | IV.07 | V.07 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **М4 Вкупно** | 136330 | 136279 | 140313 | 143013 | 148538 | 152318 |
| **М4 ( недржавен сектор)** | 135131 | 135262 | 139216 | 141473 | 147468 | 151242 |
| **М1 (Вкупно)** | 35436 | 33102 | 34022 | 35281 | 36164 | 36484 |
| **М1 (недржавен сектор)** | 34747 | 32583 | 33433 | 34254 | 35708 | 35954 |
| **Готови пари во оптек** | 16206 | 14527 | 14986 | 15034 | 15531 | 15359 |
| **Депозитни пари (вкупно)** | 19230 | 18575 | 19036 | 20247 | 20633 | 21125 |
| **Депозитни пари (недржавен сектор)** | 18541 | 18056 | 18447 | 19220 | 20177 | 20595 |
| Депозитни банки | 19207 | 18479 | 18705 | 19824 | 20159 | 20748 |
| Депозитни пари на недржавен сектор | 18518 | 17960 | 18116 | 18797 | 19703 | 20218 |
| Депозитни пари на државата | 689 | 519 | 589 | 1027 | 456 | 530 |
| а) Буџет и министерства | 551 | 234 | 262 | 226 | 219 | 227 |
| б) Фондови | 138 | 284 | 327 | 801 | 236 | 302 |
| в) Инстит. на централната државна власт: судови, итн | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Народна банка - депозитни пари на недржавен сектор | 23 | 96 | 331 | 423 | 474 | 377 |
| **М2 (Вкупно)** | 129644 | 129731 | 133527 | 136240 | 140944 | 143911 |
| **М2 (недржавен сектор)** | 128494 | 128763 | 132480 | 134750 | 139924 | 142885 |
| **Квази-депозити (вкупно)** | 94208 | 96629 | 99505 | 100959 | 104780 | 107427 |
| **Квази-депозити (недржавен сектор)** | 93747 | 96180 | 99047 | 100496 | 104216 | 106931 |
| Депозитни банки | 94208 | 96629 | 99505 | 100959 | 104780 | 107427 |
| Недржавен сектор | 93747 | 96180 | 99047 | 100496 | 104216 | 106931 |
| Денари | 36317 | 37295 | 39293 | 40511 | 43540 | 45648 |
| Странска валута | 57430 | 58885 | 59754 | 59985 | 60676 | 61283 |
| Депозити на државата | 461 | 449 | 458 | 463 | 564 | 496 |
| Денари | 460 | 448 | 457 | 462 | 563 | 496 |
| Странска валута | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| НБРМ - квази-депозити | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Немонетрани депозити (вкупно)** | 6686 | 6548 | 6786 | 6773 | 7594 | 8407 |
| *Немонетарни депозити во денари (вкупно)* | 3678 | 3641 | 3739 | 3799 | 4536 | 4734 |
| *Немонетарни депозити во странска валута (вкупно)* | 3008 | 2907 | 3047 | 2974 | 3058 | 3673 |
| **Немонетарни депозити (недржавен сектор)** | 6637 | 6499 | 6736 | 6723 | 7544 | 8357 |
| *Немонетарни депозити во денари (недржавен сектор)* | 3629 | 3592 | 3689 | 3749 | 4486 | 4684 |
| *Немонетарни депозити во странска валута (недрж. сек* | 3008 | 2907 | 3047 | 2974 | 3058 | 3673 |
| -Депозитни банки | 6686 | 6548 | 6786 | 6773 | 7594 | 8407 |
| Немонетарни депозити во денари - недржавен сектор | 3629 | 3592 | 3689 | 3749 | 4486 | 4684 |
| Немонетарни депозити во странска валута - недрж.сек | 3008 | 2907 | 3047 | 2974 | 3058 | 3673 |
| Немонетарни депозити во денари - Држава | 49 | 49 | 50 | 50 | 50 | 50 |
| Немонетарни депозити во странска валута - Држава | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| -НБМ немонетарни депозити (недржавен сектор) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Странска валута | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупни депозити** | 120124 | 121752 | 125327 | 127979 | 133007 | 136959 |
| **Вкупни депозити (недржавен сектор)** | 118925 | 120735 | 124230 | 126439 | 131937 | 135883 |

1) Дефинитивни податоци
Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 6**
Вкупни депозити на недржавниот сектор
(во милиони денари)

| | 31.05.2007 година | месечна промена | | годишна промена | | структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | во мил. денари | во мил. денари | во % | во мил. денари | во % | во % |
| **Вкупни депозити** | 115.288 | 3.528 | 3,2 | 27.466 | 31,3 | 100,0 |
| **1. Според рочност** | | | | | | |
| -краткорочни | 106.931 | 2.715 | 2,6 | 24.586 | 29,9 | 92,8 |
| -долгорочни | 8.357 | 813 | 10,8 | 2.880 | 52,6 | 7,2 |
| **2. Според валута** | | | | | | |
| - денарски | 50.332 | 2.306 | 4,8 | 16.195 | 47,4 | 43,7 |
| - девизни | 64.956 | 1.222 | 1,9 | 11.271 | 21,0 | 56,3 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 7**
Депозити на население и претпријатија

| | структура во % | 31.05.2007 година | месечна промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во мил. денари | во мил. денари | во % | во мил. денари | во % |
| **Вкупни депозити на населението** | **100,0** | 76.423 | 2.272 | 3,1 | 17.338 | 29,3 |
| **1. Според рочност** | | | | | | |
| -краткорочни | 93,7 | 71.592 | 1.870 | 2,7 | 15.641 | 28,0 |
| -долгорочни | 6,3 | 4.831 | 402 | 9,1 | 1.697 | 54,1 |
| **2. Според валута** | | | | | | |
| - денарски | 38,4 | 29.361 | 1.439 | 5,2 | 11.458 | 64,0 |
| - девизни | 61,6 | 47.062 | 833 | 1,8 | 5.880 | 14,3 |
| **Вкупни депозити на претпријатијата** | **100,0** | 36.563 | 1.211 | 3,4 | 9.599 | 35,6 |
| **1. Според рочност** | | | | | | |
| -краткорочни | 94,4 | 34.502 | 815 | 2,4 | 8.905 | 34,8 |
| -долгорочни | 5,6 | 2.061 | 396 | 23,8 | 694 | 50,8 |
| **2. Според валута** | | | | | | |
| - денарски | 51,7 | 18.913 | 838 | 4,6 | 4.213 | 28,7 |
| - девизни | 48,3 | 17.650 | 373 | 2,2 | 5.386 | 43,9 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 8**
Депозитни пари на население и претпријатија

| | 31.05.2007 година | месечна промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во мил. денари | во мил. денари | во % | во мил. денари | во % |
| **Депозитни пари** | 20.595 | 418 | 2,1 | 4.911 | 31,3 |
| - Депозитни пари на население | 4.341 | 83 | 1,9 | 1.161 | 35,6 |
| - Депозитни пари на претпријатија | 13.856 | 479 | 3,6 | 3.742 | 37,0 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 9**
Пласмани кај население и претпријатија

| | 31.05.2007 година | месечна промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во мил. денари | во мил. денари | во % | во мил. денари | во % |
| **Вкупни пласмани** | 101.057 | 2.605 | 2,6 | 24.687 | 32,3 |
| *Денарски пласмани* | 75.288 | 1.908 | 2,6 | 18.667 | 33,0 |
| *од тоа:* | | | | | |
| -претпријатија | 40.416 | 355 | 0,9 | 7.363 | 22,3 |
| -население | 34.757 | 1.540 | 4,6 | 11.285 | 48,1 |
| *Девизни пласмани* | 25.769 | 697 | 2,8 | 6.020 | 30,5 |
| *од тоа:* | | | | | |
| -претпријатија | 23.894 | 657 | 2,8 | 5.365 | 29,0 |
| -население | 1.869 | 41 | 2,2 | 655 | 54,0 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 10**
Рочна и секторска структура на денарските и девизните пласмани

| | 31.05.2007 година | месечна промена | годишна промена |
|---|---|---|---|
| | (во %) | (во процентни поени) | |
| **Денарски пласмани** | 100,0 | | |
| рочна структура | | | |
| - краткорочни | 44,4 | -0,2 | -5,9 |
| - долгорочни | 55,6 | 0,2 | 5,9 |
| секторска структура | | | |
| - претпријатија | 53,7 | -0,9 | -4,7 |
| - население | 46,2 | 0,9 | 4,7 |
| - останато | 0,2 | 0,1 | 0,0 |
| **Девизни пласмани** | 100,0 | 0,0 | 0,0 |
| рочна структура | | | |
| - краткорочни | 26,3 | 0,7 | -1,9 |
| - долгорочни | 73,7 | -0,7 | 1,9 |
| секторска структура | | | |
| - претпријатија | 92,7 | 0,0 | -1,1 |
| - население | 7,3 | 0,0 | 1,1 |
| - останато | 0,0 | 0,0 | 0,0 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 11**
Каматни стапки

| | мај 2007 година | месечна промена | годишна промена |
|---|---|---|---|
| | во % | во процентни поени | |
| **Каматна стапка на аукциите на благајнички записи (28 дена)** | 5,0 | -0,1 | -0,6 |
| **Просечна пондерирана каматна стапка на пазарот на пари (МБКС)*** | 3,7 | 0,0 | -1,9 |
| **Каматна стапка на државни записи со рок на достасување од три месеци** | 6,2 | -0,2 | 0,0 |
| **Пондерирани активни каматни стапки на банките** | 10,3 | -0,2 | -1,2 |
| **Пондерирани пасивни каматни стапки на банките** | 4,7 | 0,0 | 0,5 |

Извор: Народна банка на Република Македонија и Министерство за финансии.
* Се однесува на билатералните тргувања меѓу банките.

**Табела 12**
Аукции на државни записи

| Датум на одржување | Понуда | Побарувачка | Реализација | Пондерирана каматна стапка |
|---|---|---|---|---|
| | износи во милиони денари | | | во % |
| **Државни записи со рок на достасување од 3 месеци** | | | | |
| 08.05.2007 | 1.300 | 1.627 | 1.300 | *6,21* |
| 22.05.2007 | 1.150 | 1.534 | 1.150 | *6,11* |
| **Државни записи со рок на достасување од 6 месеци** | | | | |
| 08.05.2007 | 450 | 684 | 450 | *6,64* |

Извор: Министерство за финансии.

**Табела 16**
Биланс на состојба на НБРМ на 31.05.2007 година
(милиони денари)

| **Актива** | **Износ** | **Пасива** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| Девизни средства | 90.799 | Примарни пари | 23.864 |
| Побарувања од јавниот сектор | 1.626 | Инструменти на НБРМ | 13.784 |
| Побарувања од банки и други финансиски организации | 1.347 | Ограничени депозити | 450 |
| Останата актива | 4.370 | Девизни обврски | 0 |
| | | Депозити на јавен сектор | 35.518 |
| | | Капитални сметки | 12.046 |
| | | Останата пасива | 12.480 |
| **Вкупно** | **98.142** | **Вкупно** | **98.142** |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

## Надворешнотрговски и девизни движења во Република Македонија

**Табела 15**
Надворешнотрговска размена на Република Македонија
(во милиони евра)

| | V.2007 | I-V.2007 | V.2007 / IV.2007 | | V.2007 / V.2006 | | I-V.2007 / I-V.2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | | износ | % | износ | % | износ | % |
| **Вкупна размена** | **489,8** | **2.311,6** | **-5,6** | **-1,1** | **74,2** | **17,9** | **510,1** | **28,3** |
| Извоз | 211,8 | 948,1 | 10,6 | 5,3 | 52,2 | 32,7 | 269,1 | 39,6 |
| Увоз | 278,0 | 1.363,5 | -16,2 | -5,5 | 22,0 | 8,6 | 241,0 | 21,5 |
| **Салдо** | **-66,1** | **-415,4** | **26,8** | **-28,8** | **30,3** | **-31,4** | **28,1** | **-6,3** |

Претходни податоци на НБРМ.

## Табела 16

Десет најголеми трговски партнери на Република Македонија во периодот јануари-мај 2007 година (во милиони евра)

| | Обем на стоковна размена | Учество | Извоз | Учество | Увоз | Учество | Покриеност на увозот со извоз |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | % | износ | % | износ | % | % |
| **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **2.311,6** | **100,0** | **948,1** | **100,0** | **1.363,5** | **100,0** | **69,5** |
| од тоа: | | | | | | | |
| Србија | 274,6 | 11,9 | 170,8 | 18,0 | 103,8 | 7,6 | 164,5 |
| Германија | 263,4 | 11,4 | 128,8 | 13,6 | 134,6 | 9,9 | 95,7 |
| Грција | 251,3 | 10,9 | 127,1 | 13,4 | 124,2 | 9,1 | 102,4 |
| Италија | 181,3 | 7,8 | 99,0 | 10,4 | 82,2 | 6,0 | 120,4 |
| Русија | 177,0 | 7,7 | 6,1 | 0,6 | 170,9 | 12,5 | 3,6 |
| Бугарија | 130,2 | 5,6 | 62,1 | 6,6 | 68,1 | 5,0 | 91,2 |
| Шпанија | 92,0 | 4,0 | 76,0 | 8,0 | 16,0 | 1,2 | 473,8 |
| Хрватска | 74,1 | 3,2 | 41,7 | 4,4 | 32,3 | 2,4 | 129,2 |
| Турција | 62,0 | 2,7 | 12,4 | 1,3 | 49,6 | 3,6 | 24,9 |
| Кина | 60,8 | 2,6 | 0,0 | 0,0 | 60,8 | 4,5 | 0,1 |
| ***Вкупно (10 најголеми партнери)*** | ***1.566,6*** | ***67,8*** | ***724,1*** | ***76,4*** | ***842,5*** | ***61,8*** | ***85,9*** |

Претходни податоци на НБРМ.

## Табела 17

Надворешен долг на Република Македонија, користени средства и платени обврски (во милиони евра)

| | Состојба на долг | | Користени средства | | Платени обврски | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.04.2007 | 31.05.2007 | IV.2007 | V.2007 | IV.2007 | V.2007 |
| **Долгорочен долг** | **1.709,0** | **1.708,6** | **20,1** | **28,4** | **30,5** | **45,9** |
| **Јавен сектор** | **1.121,9** | **1.093,9** | **4,7** | **4,3** | **23,3** | **39,9** |
| Официјални кредитори | 891,6 | 862,8 | 3,1 | 4,3 | 23,2 | 39,9 |
| Мултилатерални кредитори | 816,9 | 786,2 | 1,5 | 2,8 | 6,8 | 39,9 |
| Билатерални кредитори | 74,8 | 76,6 | 1,5 | 1,6 | 16,4 | 0,0 |
| Приватни кредитори | 230,2 | 231,1 | 1,7 | 0,0 | 0,1 | 0,0 |
| Еврообврзници | 150,0 | 150,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Останати приватни кредитори | 80,2 | 81,1 | 1,7 | 0,0 | 0,1 | 0,0 |
| **Приватен сектор** | **587,2** | **614,7** | **15,4** | **24,1** | **7,2** | **6,0** |
| Приватни банки | 138,4 | 138,1 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 2,7 |
| Небанкарски приватен сектор | 448,7 | 476,6 | 15,4 | 24,1 | 7,0 | 3,3 |
| **Краткорочен долг** | **94,7** | **116,3** | **1,5** | **21,5** | **0,6** | **0,4** |
| **Јавен сектор** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| **Приватен сектор** | **94,7** | **116,3** | **1,5** | **21,5** | **0,6** | **0,4** |
| Приватни банки | 25,8 | 25,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Небанкарски приватен сектор | 68,9 | 90,5 | 1,5 | 21,5 | 0,6 | 0,4 |
| **Вкупно** | **1.803,8** | **1.824,9** | **21,6** | **50,0** | **31,1** | **46,3** |

Извор: Народна банка на Република Македонија.